**20100751369**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН**

Се прогласува Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 јуни 2010 година.

Бр. 07-2450/1
3 јуни 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет на уредување**

(1) Со овој закон се уредува управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион запишано во Списокот на светското природно и културно наследство на Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на Обединетите нации во рамките на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (во натамошниот текст: Конвенцијата на УНЕСКО).

(2) Со овој закон се уредуваат правата и обврските на Република Македонија, на општините Охрид, Струга и Дебарца, како и правата и должностите на правните и физичките лица во однос на управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион запишано во Списокот на светското природно и културно наследство на Конвенцијата на УНЕСКО (во натамошниот текст: светско природно и културно наследство во Охридскиот регион).

Член 2
**Примена на Законот**

(1) Одредбите од овој закон се применуваат во Охридскиот регион во кој постои природно и културно наследство кое е определено како светско природно и културно наследство.

(2) Управувањето со светското природно и културно наследство е од јавен интерес, што се врши во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Примената на мерките за управување со светското природно и културно наследство предвидени со овој закон не смее, директно или индиректно, да доведе до влошување на состојбата со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

(4) Сите мерки, стандарди и цели на животната средина, на заштита на природното и културното наследство се применуваат како минимални барања коишто треба да се исполнат при управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

(5) Доколку со овој или друг закон се утврдени мерки, стандарди и цели на животната средина, на заштита на природното и културното наследство, при управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион ќе се применуваат најстрогите мерки и стандарди со цел за заштита на животната средина и заштита на природното и културното наследство.

Член 3
**Цел на Законот**

Цели на овој закон се:

- создавање на услови за пронаоѓање, заштита, популаризација и унапредување на состојбата со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион,
- пренесување на идните генерации на исклучителните вредности на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион како дел од општото наследство на целото човештво,
- спроведување на научни истражувања и воспитно-образовни активности,
- создавање на услови за одржлив развој на Република Македонија и општините Охрид, Струга и Дебарца, преку соодветно користење на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион,
- спречување на активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион и
- вклучување на Република Македонија и општините Охрид, Струга и Дебарца во меѓународниот систем на соработка и помош со цел за меѓународната заштита на светското природно и културно наследство.

Член 4
**Примена на други прописи**

(1) Покрај одредбите од овој закон, при управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион се применуваат и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвенција.

(2) За прашањата што не се уредени со овој закон, а се однесуваат на заштита на природното наследство се применуваат и одредбите од Законот за заштита на природата и прописите донесени врз основа на тој закон.

(3) За прашањата што не се уредени со овој закон, а се однесуваат на заштита на културното наследство се применуваат и одредбите од Законот за заштита на културното наследство и прописите донесени врз основа на тој закон.

(4) За прашањата што не се уредени со овој закон, а се однесуваат на планирањето, управувањето и стопанисувањето (одгледување, заштита и користење) со шумите и дивечот во ловиштата, се применуваат одредбите на Законот за шумите и Законот за ловството.

Член 5

**Дефиниции**

Одделни изрази, во смисла на овој закон, го имаат следново значење:

1.Светско природно и културно наследство во опасност е природно и културно наследство на кое му се заканува сериозна и конкретна опасност како што се закана од уништување поради забрзано пропаѓање предизвикано од спроведување на проекти на големи јавни и приватни работи, урбан и туристички развој, уништување поради промена во користењето или сопственоста на замјиштето, значајни промени настанати од непознати причини, запуштеност од кои и да било причини, загрозеност поради изведување на дејствија од воен карактер, климатски промени, пожари, промена на нивото на водите, поплави и настанување на природни катастрофи;

2. Имател на светско природно наследство во Охридскиот регион е секое правно или физичко лице, орган на државната или локалната власт, приватна или јавна установа која управува со земјиште на кое се наоѓа природното наследство или управува со состојбата и популацијата на еден вид и состојбата со неговото живеалиште и

3. Имател на светско културно наследство во Охридскиот регион е секое правно или физичко лице кое е сопственик, носителот на правото на користење и секое друго правно и физичко лице коешто по која и да е правна основа го користи заштитеното културно добро во Охридскиот регион.

Член 6

**Начело на должна заштита**

Република Македонија и органите на единиците на локалната самоуправа треба да преземаат мерки за пронаоѓање, заштита, популаризација и пренесување на идните генерации на светското културно и природно наследство во Охридскиот регион со исклучително значење, поради кое треба да се заштити како дел од општото наследство на целото човештво.

Член 7

**Начело на меѓународна соработка**

Република Македонија и органите на единиците на локалната самоуправа активно учествуваат во билатерална, регионална и поширока меѓународна соработка со цел за заштита на светското културно и природно наследство, организирана врз трајна основа и во согласност со модерните научни методи, укажуваат помош врз утврдувањето, заштитата и популаризацијата на културното и природното наследство како општо наследство на целото човештво, како и активно учествуваат во меѓународниот систем на соработка и помош со цел остварување на меѓународна заштита на светското природно и културно наследство.

## II. СВЕТСКО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН

Член 8
**Граници**

(1) Границите на Охридскиот регион во кој се наоѓа природното и културното наследство како светско наследство се: започнува од граничниот премин кај Свети Наум од каде што се протега на исток и североисток по граничната линија меѓу Република Македонија и Република Албанија се до граничниот столб Ф 11/И. Оттука границата свртува во северен правец, избива на надморска висина од 1.102 м на Стара Галичица, од каде што се издига кон поголема надморска висина, а потоа се спушта по суводолицата која завршува кај месноста Липова Ливада на надморска висина од 1.568 м. Одовде границата свртува во источен правец и води по асфалтниот пат до месноста Долна Плос, од каде што го менува правецот кон север искачувајќи се на врвот Томорос - т.т. со кота 1.673 м. Оттука границата го задржува истиот правец и води по возвишенијата Пресека - т.т. со кота 1.633 м, Тумба - т.т. со кота 1.605 м, Шагон - т.т. со кота 1.622 м, Самар - кота 1.657 м, Црвен Камен - т.т. со кота 1.660 м, Гарванов Камен, Самерница - т.т. со кота 1.346 м, Бајчинов Рид - т.т со кота 1.380 м, го сече патот Охрид - Ресен и избива на возвишението Прчишта - т.т. со кота 1184 м, а потоа на Стогово - т.т. со кота 1.327 м и на Калипадиње - кота 1.372 м. Оттука границата продолжува да се протега во северен правец и се спушта на висинската точка со кота 1.268 м, минува низ ридот Никотинец - кота 1.131 м, од каде што се спушта кај месноста Привја Вода - кота 899 м. Одовде границата го менува правецот и се протега на северозапад искачувајќи се на ридот Градиште - т.т со кота 1.086 м. Оттука границата се спушта и минува низ јужните делови на Дебарца, потоа низ ридот Горица - т.т со кота 877 м, ја сече Сатеска Река, минува низ месноста Горна Тумба и котата 1.270 м, потоа низ возвишението Кодра Маре - т.т со кота 1.436 м и висинската точка со кота од 1.522 м, се спушта кон месноста Гриковец, минува низ селото Тоска и избива на висинската точка 971 м. Одовде границата го менува правецот кон југ, ја сече реката Црни Дрим, минува низ Суво Поле, потоа низ т.т. 754 м и 714 м, го сече брдото Долна Краста, го сече патот с. Враништа - с. Октиси, минува низ висинската точка 752 м и низ источните делови на Сиње Брдо, минува низ висинската точка 864 м, го сече патот Струга - с. Вишни, минува низ котата 1.026 м, потоа низ месностите Банго и Цонга, висинската точка 1.165 м, тригонометриските точки 1.144 м (Каралиште), 1.103 м (Красје) и 1.179 м и избива на граничниот премин Ќафа Сан на македонско-албанската граница. Оттука границата го менува правецот кон исток и во должина од 2,2 км води до брегот на Охридското Езеро по границата спрема Албанија, а потоа се протега низ Охридското Езеро за да заврши на граничниот премин кај Св. Наум. Површината на природното и културното наследство на Охридскиот регион изнесува 833,5 км2.

(2) Границите на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион од ставот (1) на овој член, Агенцијата за катастар на недвижности ги нанесува на геодетска подлога во размер 1:1000.

Член 9
**Начин на управување**

Управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион се остварува на начин преку кој се обезбедува:

- пронаоѓање, заштита популаризација и унапредување на состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион,

- пренесување на идните генерации на исклучителните вредности на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион како дел од општото наследство на целото човештво,
- спроведување на научни истражувања и воспитно-образовни активности,
- спречување на активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион и
- вклучување во меѓународниот систем на соработка и помош со цел за меѓународна заштита на светското природно и културно наследство.

Член 10
**Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион**

(1) Со цел за координирање на работите од членот 9 на овој закон се формира Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион како координативно и советодавно тело (во натамошниот текст: Комисијата).

(2) Комисијата е составена од претседател, заменик-претседател и 21 член кои ги именува Владата на Република Македонија, врз основа на заеднички предлог доставен од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата, формирана во согласност со принципите на соодветна и правична застапеност на граѓаните на другите етнички заедници во Република Македонија.

(3) Членовите на Комисијата се избираат на следниов начин, и тоа:

1) еден член на предлог на Владата на Република Македонија;

2) еден член на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина од редот на вработените во органот или од редот на истакнати научни работници од областа на заштита на природното наследство;

3) еден член на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата од редот на вработените во органот или од редот на истакнати научни работници од областа на заштита на културното наследство;

4) еден член на предлог на Националниот совет за одржлив развој на Република Македонија;

5) еден член од Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ - Скопје од редот на истакнати научни работници од областа на заштита на природното наследство;

6) еден член од Институтот за историја и уметност и Археологија на Филозовскиот факултет во Скопје од редот на истакнати научни работници од областа на заштита на културното наследство;

7) еден член на предлог на Управата за животна средина од редот на вработените во Управата кои работат на прашања на заштита на природното наследство во Охридскиот регион или од редот на истакнати научни работници од областа на заштита на природното наследство;

8) еден член на предлог на Управата за заштита на културното наследство од редот на вработените во Управата кои работат на прашања на заштита на културното наследство во Охридскиот регион или од редот на истакнати научни работници од областа на заштита на културното наследство;

9) еден член на предлог на градоначалникот на општината Охрид;

10) еден член на предлог на градоначалникот на општината Струга;

11) еден член на предлог на градоначалникот на општината Дебарца;

12) еден член на предлог на Јавната научна установа Хидробиолошки завод, Охрид;

13) еден член на предлог на Јавната установа Национален парк Галичица;

14) еден член претставник од Јавната установа Институт за екологија и технологија во Струга;

15) еден член на предлог на Македонската православна црква;

16) еден член на предлог на Исламската верска заедница;

17) еден член претставник од туристичка асоцијација во Охридскиот регион;

18) еден член претставник од невладина организација од областа на заштитата на природното наследство од Охридскиот регион;

19) еден член претставник од невладина организација од областа на заштита на културното наследство од Охридскиот регион;

20) еден член претставник од Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид;

21) еден член претставник од Националната установа Музеј „Д-р Никола Незлобински“ - Струга;

22) еден член претставник од Националната установа - Национален конзерваторски центар - Скопје и

23) еден член претставник од Националната комисија за УНЕСКО.

(4) На предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата, градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и градоначалникот на општината Дебрца можат како стручни лица кои ќе учествуваат во работата на Комисијата, без право на глас, да бидат предложени и претставници од други научни, образовни и стручни установи кои дејствуваат во областа на заштита на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

(5) Претседателот, заменик-претседателот и членовите на Комисијата се избираат за време од три години со право на повторен реизбор, но не повеќе од два пати едно подруго.

(6) За претседател на Комисијата може да биде избрано лице од редот на предложените членови од ставот (3) на овој член кое има најмалку пет години работно искутво во управување со природно и културно наследство во Охридскиот регион.

(7) Работата на Комисијата е јавна и во неа, без право на глас, можат да учествуваат претставници на научни, образовни и стручни установи и други заинтересирани страни, претставници на медиумите, јавноста и претставници на Собранието на Република Македонија.

Член 11

**Делокруг на Комисијата**

(1) Комисијата ги врши следните работи:

1) го разгледува и дава мислење за нацрт-извештајот од членот 30 на овој закон;

2) го разгледува и дава мислење за спроведување на законите и други прописи со кои се уредуваат прашањата од областа на заштита на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион;

3) го разгледува и дава мислење за планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион;

4) ги разгледува и дава мислење за други планови со кои се засега во управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион;

5) ги разгледува и дава мислење за просторните и урбанистичките планови во Охридскиот регион;

6) ја следи и дава мислење за состојбата со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион;

7) ја разгледува состојбата и предлага мерки за подобрување на состојбата со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, на своја иницијатива и/или по барање на друго правно или физичко лице или орган на државната или локалната власт и

8) разгледува и дава мислење за други прашања во врска со управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

(2) Заради следење на реализацијата на планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион од членот 13 на овој закон, Комисијата може да формира посебно тело составено од научни и образовни установи и други стручни организации предложени согласно со членот 10 став (4) од овој закон.

(3) Заради остварување на работите од ставот (1) на овој член Комисијата дава мислења, утврдува ставови и предлози и предлага донесување на прописи и преземање на мерки за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регон.

(4) Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата.

Член 12

**Деловник, надоместок и вршење**
**на административно-техничките работи**

(1) Комисијата донесува Деловник за својата работа.

(2) На членовите на Комисијата им следува надоместок за нивната работа во Комисијата.

(3) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата, ја определува висината на надоместокот од ставот (2) на овој член во зависност од обемот и сложеноста на работите што ги вршат членовите на Комисијата.

(4) Средства за надоместокот и трошоците за работа на Комисијата се обезбедуваат од буџетот на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата и тоа секој орган сноси половина од надоместокот и трошоците за работа на Комисијата.

(5) Стручните и административно-техничките работи потребни за работата на Комисијата ги вршат органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.

# III. ПЛАНИРАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН

## Член 13
## План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион

(1) За управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата, а по претходно мислење на Националната комисија на УНЕСКО, донесува план за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион со акционен план (во натамошниот текст: планот).

(2) Планот се донесува за период од девет години.

(3) Планот особено содржи: вовед во кој се содржани податоци за вредностите, значењето, особеностите, границите изразени текстуално и преку мапа, методологијата на подготовка, состојбата и критериумите на оцена на природното и културното наследство; управувањето во кое се содржани целите, потребите, статусот, законската основа и подготвувањето на планот; историскиот развој на Охридскиот регион и начинот на неговото управување и користење; вредностите во кои се вклучени исклучителните универзални вредности, културните, природните и социоекономските вредности и зоните во кои се наоѓаат тие вредности; фактори и ризици кои ги загрозуваат вредностите на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион; потенцијалите; визијата; главните цели на планот; клучните прашања за управување во кои се вклучени политички и правни прашања, соработката меѓу органите на државната и локалната власт и други органи и установи, сопственоста, управувањето, финансирањето, урбанистичкиот развој, состојбата со животната средина, инфраструктурата, туризмот, образованието, подигнувањето на јавната свест, човечките ресурси, јавните служби и одржувањето; акционен план за спроведување на планот во кој се содржани мерките и акциите со временска рамка за нивно спроведување; начинот на спроведување на планот и органите на државната и локалната власт, правни и физички лица, јавни и приватни лица и имателите на природното и културното наследство кои се должни да го спроведуваат планот, како и други работи кои се неопходни за изработка и спроведување на планот.

(4) Планот содржи акционен план, резиме и користената литература и други прилози.

## Член 14
## Соработка во изработката на планот

(1) Планот го изработуваат Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство.

(2) Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство се должни при изработката на планот да ги земат предвид мислењата и предлозите на Комисијата од членот 10 на овој закон, да вклучат научни и образовни установи и други стручни организации, како и други јавни установи или правни лица кои, директно или индиректно, со вршењето на својата дејност имаат влијание врз природното и културното наследство во Охридскиот регион.

Член 15
**Јавна расправа**

(1) Пред доставување на планот до Владата на Република Македонија, Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство се должни да организираат една или повеќе јавни расправи по нацрт на планот.

(2) На планот се спроведува стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно со Законот за животната средина.

Член 16
**Спроведување на планот**

Планот го спроведуваат Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство, градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и градоначалникот на општината Дебарца, имателите на природно и културно наследство и други субјекти, секој во рамките на своите надлежности и овластувања и согласно со активностите утврдени во планот.

Член 17
**Планирање на урбан развој**

(1) Градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и градоначалникот на општината Дебарца се должни урбанистичките планови или измена на постојните урбанистички планови да ги достават на мислење до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата, како и до Комисија од членот 10 на овој закон пред да започнат со спроведување на јавна расправа по истите.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата и Комисијата од членот 10 на овој закон се должни во рок од 15 дена од денот на приемот на урбанистичките планови и измената на постојните урбанистички планови да достават мислење до градоначалникот на општината Охрид, до градоначалникот на општината Струга или до градоначалникот на општината Дебарца.

(3) Градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и градоначалникот на општината Дебарца се должни во урбанистичките планови или измена на постојните урбанистички планови да ги вградат мислењата добиени од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата и мислењата добиени од Комисијата од членот 10 на овој закон.

(4) Доколку во рокот определен во ставот (2) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата и Комисијата од членот 10 на овој закон не достават мислење ќе се смета дека немаат забелешки по доставените урбанистички планови или нивни измени.

Член 18
**Научни истражувања**

Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата, градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и градоначалникот на општината Дебарца, секој во рамките на своите надлежности, се должни да преземаат мерки за поттикнување на спроведувањето на научно-истражувачки активности заради заштита на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

Член 19
**Образовни програми**

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата, градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и градоначалникот на општината Дебарца, секој во рамките на своите надлежности, се должни да преземаат мерки за поттикнување на образованието и спроведување на информативните програми заради запознавање на населението во насока на почитување и уважување на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни да ја информираат јавноста за вредностите на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, за опасностите кои му се закануваат на природното и културното наследство, како и за преземените мерки за заштита на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

## IV. УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Член 20
**Список на светското природно наследство во Охридскиот регион**

(1) Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата е должна на секои шест години да направи ревизија на Списокот на светското природно наследство и неговото обележје во Охридскиот регион што е запишан во списокот на Конвенцијата на УНЕСКО.

(2) Имателите на светското природно наследство во Охридскиот регион што е на Списокот од ставот (1) на овој член се должни на видно место на природното наследство да го ставаат знакот за светско наследство усвоен од страна на органите на Конвенцијата на УНЕСКО.

(3) Списокот од ставот (1) на овој член го води Управата за животна средина.

(4) Номинирање на ново поединечно добро до Конвенцијата на УНЕСКО, како природно наследство од особено значење што треба да влезе во Списокот на светското природно наследство во Охридскиот регион, врши Владата на Република Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот надлежен за вршење на работите за заштита на природата, градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и градоначалникот на општината Дебарца.

Член 21
**Сопственост на светското природно наследство**

(1) Земјиштето со светско природно наследство во Охридскиот регион може да биде во сопственост на Република Македонија, на единиците на локалната самоуправа на чие подрачје се наоѓа светското природно наследство и на други правни и физички лица.

(2) Видот и неговото живеалиште е во сопственост на Република Македонија без оглед на сопственоста на земјиштето на кое се наоѓа светското природно наследство.

(3) Сопственикот на земјиштето на кое се наоѓа светско природно наследство е должен да се грижи за видовите и нивните живеалишта на начин определен со овој закон и одредбите од Законот за заштита на природата и прописите донесени врз основа на тој закон.

(4) Имателот на светско природно наследство во Охридскиот регион може да го користи природното наследство на начин и под услови утврдени со овој или друг закон.

(5) Приватниот сопственик има право на компензација согласно со Законот за заштита на природата, доколку поради потребата да се грижи за видовите и нивните живеалишта го користи земјиштето различно од вообичаениот начин на користење и ако поради тоа трпи загуба или дополнителни трошоци.

Член 22
**Достапност на јавноста**

(1) Светското природно наследство во Охридскиот регион, како и научната и стручната документација и се достапни на јавноста согласно со одредбите на овој или друг закон.

(2) Во случај на организирање на образовни, научни и културни манифестации имателот на светското природно наследство во Охридскиот регион е должен да овозможи истото да се користи за таа цел.

Член 23
**Користење на светското природно наследство**

(1) Светското природно наследство во Охридскиот регион се користи на начин и во обем утврдени во планот од членот 13 на овој закон.

(2) Светското природно наследство на Охридскиот регион се користи на начин кој овозможува негово зачувување во изворна состојба, зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа и обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој.

Член 24
**Привремена или трајна заштита**

Во случај кога е загрозена популацијата на одделен вид или живеалиште што влегува во списокот од членот 20 на овој закон, со што природното наследство се доведува во состојба на опасност, министерот надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата е должен да преземе посебни мерки и режим на управување со цел да обезбеди привремена или трајна заштита на тој вид во соработка со други органи на државната или локалната власт согласно со Законот за заштита на природата и прописите донесени врз основа на тој закон.

Член 25
**Список на светско културно наследство во Охридскиот регион**

(1) Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата е должна на секои шест години да направи ревизија на Списокот на светското културно наследство и неговото обележје во Охридскиот регион што е запишан во Списокот на Конвенцијата на УНЕСКО .

(2) Списокот од ставот (1) на овој член го води Управата за културно наследство.

(3) За секое поединечно културно добро кое е содржано во Списокот на светското културно наследство во Охридскиот регион на Конвенцијата на УНЕСКО, се донесува поединечен акт за заштита во постапка пропишана согласно со Законот за заштита на културното наследство.

(4) Номинирање на ново поединечно добро до Конвенцијата на УНЕСКО, како културно наследство од особено значење што треба да влезе во Списокот на светското културно наследство во Охридскиот регион, врши Владата на Република Македонија, во постапка пропишана со Законот за заштита на културното наследство.

(5) Знакот за светско културно наследство се употребува на начин утврден со Правилникот за употреба на знаци на културното наследство определени со меѓународен договор.

Член 26
**Сопственост на светското културно наследство**

(1) Недвижното и движното светско културно наследство во Охридскиот регион може да биде во сопственост на Република Македонија, на единиците на локалната самоуправа и на други правни и физички лица.

(2) Културното наследство и добро за кое основано се претпоставува дека е културно наследство што ќе се најде во земја или во вода, без оглед дали е извадено се смета дека е во сопственост на Република Македонија.

Член 27
**Достапност на јавноста**

(1) Светското културно наследство во Охридскиот регион, како и научната и стручната документација и се достапни на јавноста согласно со одредбите на овој или друг закон.

(2) Во случај на организирање на образовни, научни и културни манифестации имателот на културното наследство во Охридскиот регион е должен да овозможи истото да се користи за таа цел.

Член 28
**Користење на светското културно наследство**

(1) Светското културно наследство во Охридскиот регион се користи на начин и во обем утврдени во планот од членот 13 на овој закон.

(2) Светското културно наследство во Охридскиот регион се користи на начин кој овозможува негово зачувување во изворна состојба, задржување на интегритетот и се оспособува да служи за задоволување на културните, научните, образовните, естетските, верските, економските, туристичките и други потреби на граѓаните и на општеството.

(3) За поединечните културни добра кои се наоѓаат во состав на границите на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион од членот 8 на овој закон, се донесуваат посебни акти за заштита на културното наследство.

(4) Соодветниот режим на заштита на светското културно наследство во Охридскиот регион се утврдува со актите за заштита од ставот (3) на овој член.

Член 29
**Спроведување на мерки и активности за заштита**

(1) Општините Охрид, Струга и Дебарца и нивните органи и јавни служби заедно со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата се одговорни за управувањето и за спроведувањето на мерки и активности за заштита и промовирање на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион во рамките на нивните надлежности утврдени со овој или друг закон.

(2) Имателите на светско природно и културно наследство во Охридскиот регион се одговорни за одржувањето, чувањето, почитувањето и правилното користење на природното и културното наследство.

(3) Националните установи - Национален конзерваторски центар - Скопје и Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид се надлежни за преземање заштитно-конзерваторски мерки на светското културно наследство во Охридскиот регион секој според своите надлежности.

(4) Музејот „Никола Незлобински" - Струга е надлежен за преземање мерки на заштита за движното културно и природно наследство кое е составен дел од збирката на овој музеј.

(5) Јавната научна установа - Хидробиолошки завод - Охрид е надлежна за предлагање и преземање мерки за заштита на светското природното наследство во Охридскиот регион, негово научно истражување и промовирање и обезбедување на генетски материјал од видовите.

(6) Јавната установа - Национален парк Галичица е надлежна за преземање на мерки за заштита на светското природно наследство во рамките на подрачјето на Националниот парк Галичица и за спречување на деградацијата на природното наследство и пределот на националниот парк предизвикано од вршењето на дејности и активности на други правни и физички лица што се спроведуваат во рамките на подрачјето на националниот парк.

## V. ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА НА СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН

Член 30
**Подготвување на извештај**

(1) Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство се должни еднаш на секои шест години да подготват извештај за состојбата на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (во натамошниот текст: извештај) во кој се презентира степенот на опасноста на светското природно и културно наследство, степенот на засегнатоста, односно загрозеноста на светското природно наследство, степенот на зачуваноста на светското културно наследство во изворна состојба, мерките што се превземени, како и промените кои настанале во состојбата на светското природно и културно наследство од подготвувањето на последниот извештај. Извештајот содржи и оцена за преземените активности утврдени во акциониот план кој е составен дел на планот од членот 13 на овој закон.

(2) Во извештајот се даваат и препораки за мерките кои треба да се преземат за надминување на состојбите.

(3) Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство при изработката на извештајот се должни да вклучат научни и образовни установи и стручни организации претставници на општините Охрид, Струга и Дебарца, како и други јавни установи или правни лица кои, директно или индиректно, со вршењето на својата дејност имаат влијание врз природното и културното наследство во Охридскиот регион.

Член 31

**Процена на опасност**

(1) Во извештајот од членот 30 на овој закон Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство се должни да проценат дали дел или целото светско природно и културно наследство во Охридскиот регион е во опасност.

(2) Процената од ставот (1) на овој член за светското природно наследство Управата за животна средина ја врши врз основа на следниве критериуми:

1) утврдена опасност е кога природното наследство се соочува со специфична и докажана идна опасност, како што се:

- сериозно опаѓање на популацијата на загрозени видови или други видови од исклучителна универзална вредност заради кои е ставено на Списокот од членот 20 на овој закон, било заради природни фактори како што се болести или од човечки фактори како што се труења,

- значително влошување на природните убавини или научни вредности на природното наследство, предизвикано од човечки населби, изградба на резервоари кои поплавуваат значајни делови на природното наследство, индустриски и земјоделски развој, вклучувајќи употреба на пестициди и ѓубрива, големи јавни и инфраструктурни работи, рудници, загадување, неконтролирано сечење на дрво и слично и

- загрозување/повреда на границите или на околните подрачја кои го загрозуваат интегритетот на природното наследство од страна на човекот и

2) потенцијална опасност е кога природното наследство се соочува со закани кои би можеле да имаат влијание за влошување на неговите исклучителни вредности, со:

- промена на правниот статус на заштита на подрачјето,

- планирано населување или изведување на развојни проекти внатре во подрачјето на природното наследство, или надвор од подрачјето на природното наследство доколку се поставени на начин кој може да влијае на загрозување на природното наследство,

- загрозување од воени конфликти или дејствија и

- недостиг или несоодветност на план за управување, или нецелосна имплементација на планот за управување.

(3) Процената од ставот (1) на овој член за светското културно наследство Управата за заштита на културата ја врши врз основа на следните критериуми:

1) утврдена опасност е кога културното наследство се соочува со специфична и докажана идна опасност, како што се:

-забрзано пропаѓање на материјалот од кои се направени културните добра,

- сериозни промени на структурата или декорацијата,

- сериозни промени на архитектонската и урбанистичката поврзаност на урбаниот и руралниот простор или на природната околина,

- изразено губење на историската автентичност,

- неконтролирана урбанизација на просторот,

- сериозно изопачување на нивното културно значење,

- сериозни промени од непознати причини и

- преименување на топонимите и

2) потенцијална опасност е кога културното наследство се соочува со закани кои би можеле да имаат влијание за влошување на неговите исклучителни карактеристики, како што се:

- избувнување или закана од избувнување на вооружен судир,
- природни катастрофи, особено земјотреси, поплави, лизгање на земјиштето, пожари или прогресивни промени од геолошки, климатски и други природни фактори,
- напуштеност од која било причина и
- недостиг, несоодветност или недоволно примена на плановите и програмите за заштита или режимот на заштита што не соодветствува на заштитно-правниот статус на културното наследство.

Член 32
**Јавен увид на извештајот**

(1) Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство, во рок од 15 дена од денот на изготвувањето на нацрт-извештајот од членот 30 на овој закон, се должни да го достават извештајот на мислење на градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и на градоначалникот на општината Дебарца и на други научни и образовни установи и стручни организации, како и да го стави на увид на јавноста.

(2) Градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и градоначалникот на општината Дебарца, научните и образовните установи и стручните организации и јавноста имаат право да достават мислење до Управата за животна средина и/или Управата за заштита на културното наследство по однос на нацрт-извештајот во рок не пократок од 30 дена, но не и подолг од 60 дена од денот на добивањето, односно објавувањето на извештајот.

(3) Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство се должни во рок од осум дена од денот на објавувањето на нацрт- извештајот на својата веб страница да објават известување за започнување на јавниот увид во најмалку два дневни весника достапни на целата територија на Република Македонија, во кои ќе се наведе рокот и местото каде што може да се изврши увид во извештајот.

Член 33
**Усвојување на извештајот**

(1) Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство се должни во конечниот текст на извештајот соодветно да ги вградат добиените мислења од спроведениот јавен увид и да го достави до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата, Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион и до Националната комисија и Националниот комитет за УНЕСКО на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на изготвувањето на конечниот текст на извештајот.

(2) По усвојувањето на извештајот од страна на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија и Националниот комитет за УНЕСКО на Република Македонија и Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата во соработка со министерот кој раководи со органот

на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата се должни извештајот да го достават на усвојување до Владата на Република Македонија.

Член 34
**Известување**

Во случај кога во извештајот од членот 30 на овој закон е утврдено дека светското природно и/или културно наследство во Охридскиот регион е во опасност, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и/или министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата се должни да ја известат Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на добивањето на извештајот.

Член 35
**Доставување на извештаи до УНЕСКО**

Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија е надлежна за доставување на извештаи согласно со одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО, вклучително и извештајот од членот 30 на овој закон.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 36
**Извори на финансирање**

(1) Средствата за спроведување на овој закон се обезбедуваат од:

1) Буџетот на Република Македонија;

2) буџетот на општината Охрид, буџетот на општината Струга и буџетот на општината Дебарца;

3) средства стекнати со користење на природното и културното наследство во Охридскиот регион и

4) други извори (донации, грантови, кредити, подароци, легати и друго).

(2) Со средствата од ставот (1) точка 1 на овој член се финансира работата на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион и подготвувањето на планот од членот 13 на овој закон и извештајот за состојбата со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

(3) Со средствата од ставот (1) точка 2 на овој член се финансираат работите за кои согласно со овој закон се надлежни општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца.

(4) Со средствата од ставот (1) точка 3 на овој член се финансираат работите за кои согласно со овој закон се надлежни имателите на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

(5) Со средствата од ставот (1) точка 4 на овој член се финансираат работите за кои се наменети истите.

## VII. НАДЗОР

### 1. Надзор над спроведувањето на Законот

Член 37
**Надлежност за вршење надзор над спроведувањето на Законот**

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во областа на природното наследство врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата преку Управата за животна средина.

(2) Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во областа на културното наследство врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата преку Управата за заштита на културното наследство.

Член 38
**Надзорот над работата на органите на општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца**

Во остварувањето на надзорот над спроведувањето од овој закон, надлежните органи од членот 37 на овој закон вршат надзор над работата на органите на општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца во извршувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон.

Член 39

Надзорот над работата на органите на општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на нивните надлежности.

Член 40
**Постапка за вршење надзор над работата на органите на општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца**

При вршењето на надзорот над работата на органите на општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и органот на државната управа надлежен за вршење на работите на културата ги врши следниве работи:

1) утврдува дали општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца управуваат со светското природно наследство што е во нивна надлежност на начин определен во членот 9 од овој закон;

2) оценува дали општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца урбанистичките планови и измените на постојните урбанистички планови што ги донесуваат ги доставиле на мислење до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион согласно со членот 17 од овој закон;

3) оценува дали општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца урбанистичките планови и измените на постојните урбанистички планови што ги донесуваат ги доставиле до органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на заштита на природата, односно до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата согласно со членот 17 од овој закон;

4) оценува дали општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца, како иматели на светско природно наследство, односно иматели на светско културно наследство во Охридскиот регион, го имаат поставено на видно место на природното наследство, односно културното наследство знакот на светското наследство согласно со членот 20 став (2) од овој закон, односно согласно со членот 25 став (5) од овој закон;

5) оценува дали општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца пеземаат мерки за поттикнување на спроведувањето на научно-истражувачки активности заради заштита на светското природно наследство, односно светското културно наследство во Охридскиот регион;

6) оценува дали општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца преземаат мерки за поттикнување на образованието и спроведувањето на информативни програми заради запознавање на населението во насока на почитување и уважување на светското природно наследство, односно светското културно наследство во Охридскиот регион;

7) оценува дали општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца како иматели на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион го користи на начин и под услови утврдени со овој или друг закон (членови 21 став (4) и 28);

8) оценува дали општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца како иматели на светското природно, односно светското културно наследство во Охридскиот регион, овозможила истото да се користи за организирање на образовни, научни и културни манифестации (членови 22 и 28);

9) оценува дали општината Охрид и општината Струга имаат намера или преземаат активности или дејствија врз светското природно наследство во Охридскиот регион со кои може или се овозможува користење на природното наследство спротивно на членот 23 став (2) од овој закон;

10) оценува дали општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца го користат светското природно, односно светското културно наследство на начин и во обем утврден во планот од членот 13 на овој закон (членови 23 став (1) и 28 став (1)) и

11) оценува дали општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца спроведуваат мерки и активности за заштита и промовирање на природното и културното наследство во Охридскиот регион (член 29).

Член 41

**Одземање на извршување на надлежности**

(1) Доколку и покрај укажувањата од членот 40 на овој закон и преземените мерки и активности, градоначалникот и/или советот на општините Охрид, и/или Струга и/или Дебарца не го обезбедат извршувањето на работите кои со овој закон се утврдени како нивна надлежност и за чие извршување се одговорни, по сила на закон им се одзема соодветната надлежност, а вршењето на тие работи го презема органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштита на природата и/или органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата секој во рамките на својата надлежност, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.

(2) Надлежниот орган од ставот (1) на овој член работите од надлежност на општините Охрид, и/или Струга и/или Дебарца, ги врши во име и за сметка на општините Охрид и/или Струга и/или Дебарца.

(3) За преземањето на работите од ставот (1) на овој член надлежниот орган од ставот (2) на овој член го известува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите.

## 2. Инспекциски надзор

Член 42
**Надлежност за вршење инспекциски надзор**

(1) Инспекциски надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон во делот на природното наследство го врши Државниот инспекторат за животна средина преку државните инспектори за заштита на природата.

(2) Инспекциски надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон во делот на културното наследство го врши Управата за заштита на културното наследство преку инспектори за културно наследство.

Член 43
**Делокруг на државниот инспектор за заштита на природата**

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за заштита на природата освен дејствијата утврдени согласно со Законот за животната средина и Законот за заштита на природата, може да ги преземе и следниве дејствија:

- да утврди дали имателот на светското природно наследство управува со природното наследство согласно со планот од членот 13 на овој закон (член 16),
- да изврши контрола и увид дали имателот на светското природно наследство има поставено знак за светското наследство на начин определен во членот 20 став (3) од овој закон и
- да изврши контрола и увид дали светското природно наследство се користи на начин и во обем утврден во планот од членот 13 на овој закон (член 23 став (1)).

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор за заштита на природата со решение може да нареди:

- отстранување на недостатоците што ќе ги утврди при вршењето на надзорот и ќе определи рок за нивното отстранување,
- преземање на мерки со цел за обезбедување на правилно управување со природното наследство и ќе определи рок за нивно преземање,
- поставување на знакот на светското наследство и ќе определи рок за тоа;
- преземање на мерки со цел за обезбедување на правилно користење на светското природно наследство и ќе определи рок за нивно преземање,
- преземање на мерки што произлегуваат од планот од членот 13 на овој закон и ќе определи рок за нивно преземање и
- забрана за спроведување на активности или дејствија кои не се во согласност со планот од членот 13 на овој закон.

(3) При вршењето на инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член државниот инспектор за заштита на природата може да побара присуство на лице од Управата за заштита на природата.

Член 44

**Делокруг на инспекторот за културно наследство**

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот за културно наследство освен дејствијата утврдени согласно со Законот за заштита на културното наследство може да ги преземе и следниве дејствија:

- да утврди дали светското културно наследство се користи на начин и во обем како што е определено со планот од членот 13 на овој закон (член 28) и

- да изврши контрола и увид дали имателот на светското културно наследство управува со културното наследство согласно со планот од членот 13 на овој закон (член 29).

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот за културно наследство со решение може да нареди:

- преземање на мерки со цел за обезбедување на правилно користење на светското културно наследство и ќе определи рок за нивно преземање,

- преземање на мерки што произлегуваат од планот од членот 13 на овој закон и ќе определи рок за нивно преземање и

- забрана за спроведување на активности или дејствија кои не се во согласност со планот од членот 13 на овој закон.

Член 45

**Обврски на правните и физичките лица при вршење на надзор**

Со цел да се спроведе инспекцискиот надзор правните и физичките лица се должни да им овозможат на надлежните инспектори од членовите 43 и 44 на овој закон право на пристап и увид во просториите и документацијата на правното или физичкото лице, да им ги достават бараните податоци, објаснувања и известување, да извршат мерења и да земат примероци и да соберат докази согласно со овој закон, Законот за животната средина, Законот за заштита на природата и Законот за заштита на културното наследство.

VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 46

**Прекршочни санкции за физички лица**

(1) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место на физичкото лице за сторен прекршок, доколку:

- не го поставил на видно место знакот за светско наследство (член 20 став (2)).

(2) Државниот инспектор за заштита на природата кога ќе утврди дека е сторен прекршокот од ставот (1) на овој член, на сторителот на прекршокот ќе му врачи покана за плаќање на глоба која треба да ја плати во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.

(3) Ако сторителот на прекршокот доброволно не ја плати глобата во определениот рок, државниот инспектор за заштита на природата ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија при Министерството за животна средина и просторно планирање формирана согласно со Законот за животната средина.

Член 47

Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичкото лице, доколку:

1) управува со светското природно и културно наследство спротивно на начинот што е утврден во членот 9 од овој закон;

2) го користи светското природно наследство на начин и во обем спротивно на она што е утврдено во планот од членот 13 на овој закон (член 23 став (1));

3) врши користење на природно наследство во Охридскиот регион спротивно на членот 23 став (2) од овој закон и

4) го користи светското културно наследство на начин и во мера спротивно на она што е утврдено во планот од членот 13 на овој закон (член 28 ставови (1) и (2)).

Член 48

**Прекршочни санкции за правни лица**

(1) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место на правното лице за сторен прекршок, доколку:

- не го поставил на видно место знакот за светско наследство (член 20 став (2)).

(2) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Државниот инспектор за заштита на природата кога ќе утврди дека е сторен прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член, на сторителот на прекршокот ќе му врачи покана за плаќање на глоба која треба да ја плати во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.

(4) Ако сторителот на прекршокот доброволно не ја плати глобата во определениот рок, државниот инспектор за заштита на природата ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија при Министерството за животна средина и просторно планирање формирана согласно со Законот за животната средина.

Член 49

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за сторен прекршок на правно лице, доколку:

1) управува со светското природно и културно наследство спротивно на начинот што е утврден во членот 9 од овој закон;

2) го користи светското природно наследство на начин и во обем спротивно на она што е утврдено во планот од членот 13 на овој закон (член 23 став (1));

3) врши користење на природно наследство во Охридскиот регион спротивно на членот 23 став (2) од овој закон; и

4) го користи светското културно наследство на начин и во мера спротивно на она што е утврдено во планот од членот 13 на овој закон (член 28 ставови (1) и (2)).

(2) Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 50

**Постапка за порамнување**

(1) За прекршоците утврдени во членовите 47 и 49 од овој закон државниот инспектор за заштита на природата, односно инспекторот за културно наследство е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(2) Постапките за порамнување покренати од државниот инспектор за природа се водат согласно со одредбите од Законот за животната средина.

(3) Постапките за порамнување покренати од инспекторот за културно наследство се водат согласно со одредбите од Законот за заштита на културното наследство.

Член 51

**Водење на прекршочна постапка**

За прекршоците утврдени во членовите 47 и 49 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 52
**Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион**

Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион ќе се основа во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 53
**Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион**

Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион ќе се донесе најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 54
**Завршни одредби**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".